WORLD'S FLUXUS ON MACEDONIA

## ВТОРА МЕЃУНАРОДНА ИЗЛОЖБА НА МЕИЛ АРТ И ВИЗУЕЛНА ПОЕЗИЈА

# Напад на вообичаено размислување

Во Прилеп е во тек Втората меѓународна меил арт изложба, чиј организатор е македонскиот уметник Златко Крстески.

„Ја жртвував својата самостојна изложба за да ја направам оваа меѓународна„ вели Крстески.

Во освртот за овој проект, критичарката Мегу-lyn Dammann, пишува дека, изложбата е, всушност, напад на вообичаеното размислување и јавното мислење, таа е шок за буржуазијата и уривање на нивната идеја за уметност.

Во оваа размена на идеи и комуникација меѓу уметниците претставени се повеќе автори со преку стотина претставувања од сите континенти.

Познат во Македонија, но и многу пошироко, Крстевски има зад себе 18 самостојни и над 150 групни претставувања. Се занимава со стрип, графика, меил арт и фотографија. Добитник е на повеќе награди од кои како побитни се издвојуваат: наградата за едногодишна продукција на стрип во 1986 година, што ја доделува Филмска младина на Македонија, како и наградата на Студентски збор за 87г.

Побележити настапи во странство се изложувањето во Музејот на карикатура во Толентино - Италија и Музејот на современа уметност во Техеран - Иран, каде се претстави со фотографија и карикатура, а забележително е и неговото учество во Белгија, Бразил, Италија, како и во Словенија на Фестивалот за стрип „БРЕАК 21„. Неговите дела се застапени во Антологијата во Јапонија и во Канадската стрип антологија без зборови.

Во 1998 година, Крстевски е учесник на изложбата во Музејот на поштата и кумуникациите во Берлин, а како највисоко достигнување се забележува неговото застапување во два ЦД-РОМА, едниот во Холандија, а другиот во Италија.

Големиот одзив на уметниците за неговата меѓународна изложба е само уште една потврда за вредностите на овој уметник и на неговиот начин на комуникација со уметниците од другите држави.

**А.Цако**

24.8-99